РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-959/4
21-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-959/1 од 27.02.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконито именување на ------- за вршител на должност директор на ЈУ Меѓуопштински --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај постапил надлежен орган при што не биле утврдени неправилности.

Предметот број 12-959/1 од 27.02.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена анонимна пријава, по која е оформен предмет бр. 12-959/1 од 27.02.2026 година, во која се изнесуваат наводи за незаконито именување на -------- за вршител на должност директор на ЈУ Меѓуопштински ---------, дека именуваното лице не ги исполнува законските услови утврдени во Законот за социјална заштита, односно дека нема најмалку пет години работно искуство по дипломирањето.

Во насока на утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до Министерството за социјална политика, демографија и млади, од каде е

доставено известување дека при увид во релевантната документација е утврдено дека постапката за именување на вршител на должност директор е спроведена согласно член 187 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 65/2023 и 192/2025).

Согласно важечката законска одредба, вршител на должност директор се именува од редот на стручните работници во установата, при што не е предвидена обврска за исполнување на истите услови како за избор на директор.

Согласно доставеното известување, посоченото лице пред именувањето било вработено на работно место стручен работник во јавната установа, Водител на случај – Педагог, со Решение број ------ од 29.12.2025 година, со што се констатира дека го исполнува законскиот услов за именување за вршител на должност директор.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата, од причина што по предметниот случај веќе постапил надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar